**26.05.2005**

**Утрински весник :**

Нови производи на банкарскиот пазар во земјава

## Уни банка ја издаде првата „виза“-картичка со чип

УНИ банка деновиве ја издаде првата „виза“-картичка со чип. Со издавањето на Виза-електрон, дебитната картичка и „Виза-класик“ кредитната картичка, УНИ банка ѝ овозможи на „Виза -нтернасионал- организацијата“, која издава картички преку постојните банки во земјава, сосема паралелно и таа да биде присутна на македонскиот пазар, но овој пат со чип платежни картички.

Само пет месеци по издавањето на првата чип „мастер“ платежна картичка за во поширокиот регион, УНИ банка, како банка која прва ја исполни обврската во земјата да мигрира кон чип-технологијата и како банка со стекната позиција на пазарот, продолжи да ги исполнува очекувањата на постојниот пазар на картички и ги потврди ветувањата кои неодамна како современ банкар им ги даде на македонските граѓани- ја издаде и првата чип „виза-картичка.

„Свесни сме дека работењето со картички е потреба на современиот начин на живеење и без нив нема целосна банкарска услуга. Заради тоа, постојано инвестираме во скапи технологии со висок степен на сигурност и безбедност и за една година успеавме да ги издадеме најсовремените платежни картички со чип на двата најголеми бренда „виза“ и „мастер“, во што практично сме единствените во Македонија„ велат во УНИ банка.

---

**УНИ*Банка*, деновиве ја издаде првата VISA картичка со чип**. Со издавањето на VISA Electron, дебитната картичка и VISA Classic кредитната картичка, УНИ*Банка* и овозможи на VISA International, организацијата која издава картички преку постоечките банки во земјава, сосема паралено и таа да биде присутна на македонскиот пазар **но овој пат со чип платежни картички.**

Само пет месеци по издавањето на првата чип платежна картичка за MasterCard во поширокиот регион, УНИ*Банка*, како банка која прва ја исполни обврската во земјата да мигрира кон чип технологијата и како банка со стекната позиција на пазарот, продолжи да ги исполнува очекувањата на постоечкиот пазар на картички и ги потврди ветувањата кои неодамна како современ банкар им ги даде на македонските граѓани- ја издаде и првата чип VISA картичка.

„ Свесни сме дека картичното работење е потреба на современиот начин на живеење и без нив нема целосна банкарска услуга. Заради тоа, постојано инвестираме во скапи технологии со висок степен на сигурност и безбедност и **за една година успеавме да ги издадеме најсовремените платежни картички со чип на двата најголеми бренда „VISA” и “MASTERCARD” во што практично сме единствените во Македонија**.„ – изјавија од УНИ*Банка*.

За таа цел, УНИ*Банка* уште повеќе ја разви сопствената мрежа на банкомати низ целата Република, и во моментот брои 60 активни банкомати кои прифаќаат MasterCard, Maestro, Visa и Visa Electron, а уште 10-тина се во фаза на поставување.